Бобан ПЕТРОВСКИ

**УДК: 352.075/.076:94(497.751)"12/13"**

# ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ВО СРЕДНОВЕКОВНАТА ЖУПА ПОЛОГ: ПРЕТСТАВНИЦИ И НИВНИ ИНГЕРЕНЦИИ

***Кратка содржина:***

*Во периодот од крајот на XIII век и во текот на првата половина на XIV век на територијата на жупата Полог, во тој временски интервал во составот на српската држава, изворно се засведочени неколку претставници на локалната власт кои извршувале конкретни должности: севасти-учесници во судски спорови: а.) член на суд, б.) сведоци; прахтор-даночен чиновник; кнез-помошник на кефалијата или селски старешина; винар-собирач на данокот од вино; травничар-собирач на данокот од ползуваните државни пасишта; кефалија-во ранг „општ" кефалија, управник на полошката жупа; челник-управник на неколку селски населби.*

***Клучни зборови:*** *ПОЛОГ, ЛОКАЛНА ВЛАСТ, АДМИНИСТРАТИВНО УРЕДУВАЊЕ, ЖУПА, СЕВАСТ, ПРАХТОР, КНЕЗ, ВИНАР, ТРАВНИЧАР, КЕФАЛИЈА, ЧЕЛНИК.*

Изворните информации за локалната власт во средновековната жупа Полог ги опфаќаат историските сведоштва кои потекнуваат од крајот на XIII и првата половина на XIV век[1].

Првите изворни податоци се понудени во повелбата на српскиот крал Милутин издадена за манастирот Св. Георги Горг Скопски од 1299/1300 година[2]. Нејзиниот член 32, кој се однесува на имунитетните привилегии доделени на долнополошкото село Речица, кое од тој момент преоѓала во сопственост на Скопскиот манастир, содржи информации кои се однесуваат на нашата тема. Во него, имено, јасно се истакнува забрана за присуство во селскиот атар (да нема оулѣсти оу село то Рѣчиче) на претставниците на централната власт (никои владалць кралквьства ми), но и на репрезентите на

---

1 За административното уредување на Полог во временскиот интервал крајот на XIII и првата половина на XIV век, сп. Б.Петровски, "жоупа Положка", 321-329.

2 За грамотата сп.: В.Мошин, Л.Славева, К.Илиевска, Грамота на крал Милутин, Споменици I, 209-238; С.Новаковић, Законски споменици, 608-621; А.Соловјев, Одабрани споменици, 69-82.

локалната управа во жупата Полог (ни владалць дръжещаго жоупоу тоу), по што конкретно се наведуаат "ни севасть, ни прахторь, ни кнезь, ни винарь"[3].

Изворното сведоштво за локалните администратори севаст, прахтор, кнез и винар е специфично од неколку аспекти и како такво потикнува интересни размисли.

Најпрво, обрнуваме внимание на паралелното присуство на самите титули, имајќи предвид дека првите две титули имаат византиска провениенција, а третата и четвртата титула се со словенски, а во случајов српски карактер. Ваквата употреба на византиски и српски титули несомнено укажува на нивно истовремено постоење во Полог. Оттука доаѓа и интригантноста, со оглед на фактот што во моментот на издавањето на грамотата Полог речиси две децении се наоѓал со составот на српската држава (заземен во 1282 година), при што, сите врски со Византиската Империја биле целосно прекинати. Логичното објаснување на ваквиот "феномен" е во делумната апсорпција на византискиот управен систем на локално ниво на териториите во византиска Македонија, респективно Полог, освоени од српскиот крал Милутин. Имено, ширејќи се на југ, средновековната српска држава наидувала на разгранет систем на локални администрации. При воспоставувањето на српската власт во новите територии, постоечкиот византиски управен систем не бил ниту отстранет, ниту игнориран, ниту пак целосно апсорбиран, туку во новонастанатите околности доживувал адаптација. Тоа претпоставувало усогласување на постојниот систем со нормите од српската локална управа, која била незаобиколно наметната во управниот живот на освоените територии[4]. Така, локалната српска

---

[3] В.Мошин, Л.Славева, К.Илиевска, Грамота на крал Милутин, Споменици I, 223-224; С.Новаковић, Законски споменици, 614; А.Соловјев, Одабрани споменици, 74-75.

[4] А.Соловјев (Законодавство, 375-377), зборувајќи за традицијата на византиското право во српската држава, истакнал дека токму повелбата за манастирот Св. Георги-Горг е исполнета со правен конзерватизам, кој е особено евидентен во административното право, олицетворен преку рецепција на византиската административна терминологија. В. Мошин (Грамоти на Св. Георги-Горг Скопски, Споменици I, 149-150), анализирајќи ја Скопската грамота, посочува дека српскиот феудален систем се накалемил на востановениот македонски тип на византиско управно, воено и финансиско уредување. Притоа, за адаптација на византиските институти, правни норми и терминологија, според В. Мошин, значајна улога одиграло вклучувањето на Призренскиот крај во склопот на српските области уште пред владеењето на Милутин, кое нешто оставило посебно значајни траги во правната терминологија на српските грамоти издадени на овој терен. Л.Славева (Полог, 111), повикувајќи се на српските грамоти издадени во текот на првата половина на XIV век, заклучува дека на целата освоена територија српските владетели во основа го задржале претходниот византиски систем, а низ целиот тој период течел процес на усогласување на постојниот систем со одделни норми од српското право, кое, српското освојување спонтано ги внесувало во правниот живот на освоените земји.

власт на освоените византиски територии се развивала двоструко: со пренесување на локалната власт која била на сила во „српските земји“; како и со прифаќање на византискиот локален управен систем[5].

На тој начин неминовно доаѓало до испреплетување на локалните функции и звања, сосема евидентно и во Полог. Дотолку повеќе што, најверојатно, по Милутиновите освојувања дел од месните византиски феудалци преминале во српска служба, при што, единствен најбитен услов за нив бил да си ги задржат имотите, позициите, чиновите и титулите. Притоа, разбирливо, некои византиски чинови во српската држава добиле и нови овластувања, но истовремено се вршело и мутирање на класичните српски титули во смисла на промена на нивните надлежности.

Меѓутоа, истовременото постоење на византиски и српски локални чиновници во никој случај не претставувало дуплирање на функциите во Полог и паралелизам во нивните надлежности. Секако такво нешто не можел да си дозволи оној кому полошката жупа му се давала во „држава“[6] од најмалку две причини: удвојувањето на функциите да не му создава тензии и потенцијални конфликти меѓу носителите на истите во неговата „држава“; да не му се појават двојни издатоци за плати на чиновниците со различни титули, а исти функции.

Во продолжение се осврнуваме на основните функции и надлежности на посочените претставници на локалната власт, со што ќе се утврдат нивните компетенции и ќе се согледа разграничувањето на нивните ингеренции во Полог.

Првиот споменат чиновник на локалната власт во Полог во грамотата на манастирот Св. Георги-Горг Скопски, кому му се забранува пристап во долнополошкото село Речица, е севастот (севасть). Самата титула очигледно има византиска провениенција (σεβαστός-возвишен) и била широко употребувана во Византиската Империја[7], но и преземена, поточно, по освојувањето на византиска Македонија, прифатена и задржана во Србија[8]. Во српската држава, според рангот, севастот стоел веднаш зад кефалијата,

---

[5] Т.Тарановски, Историја српског права, 269; ИСН I, 539 (М.Благојевић).

[6] Б.Петровски, "жоупа Положка", 326-327.

[7] К.Јиречек, Историја Срба III, 20. Според истражувањата на Љ.Максимовиќ (Провинцијска управа, 14 бел. 40) во доцновизантиската локална управа немало чиновник со титула севаст, туку тоа звање било епитет за високи чиновници кои не биле роднини на царското семејство. Ваквото мислење е прифатено во науката, сп.: ИСН I, 539 (М.Благојевић); Т.Томоски, Средновековни градови, Македонија, 213.

[8] В.Мошин, Л.Славева, К.Илиевска, Грамота на цар Константин Асен, Споменици I, 186 бел. 23.

а неговиот делокруг на дејствување бил близок до византискиот катастар, при што, неговите активности, главно, биле насочени надвор од градските населби, а само понекогаш во градовите. Согласно неговата основна надлежност да се грижи за неповредливоста на земјишната своина[9], севастот земал учество и во судските спорови кои биле поврзани со користењето на земјата[10]. Токму во последно споменатата општествена сфера наоѓаме четворица поименично наведени севасти во Бревното (Попис) на Хтетовскиот манастир-изворно сведоштво од четириесеттите години на XIV век[11]. Имено, во делот за настанатиот спор околу имотот Плеш, при формирањето на суд составен од „властеле и хора", меѓу благородниците членови на овој суд е вбројан и „севасть Пасарель"[12]. Уште тројца севасти се споменуваат меѓу сведоците кои присуствувале на самото место при разрешувањето на спорот: „севасть кѵрь Маноило, и ѕет моѵ севасть Роѵньер, и севасть Севладь, своıачим моѵ"[13]. Споменувањето на тројцата севасти како дел од сведоците[14], како и севастот Пасарел како член на формираниот суд, упатува на заклучок дека во случајов титулата севаст не била поврзана со некоја локална функција, туку пред сè била почесна, но истовремено, означувајќи припадник на повисокиот општествен слој, титулата севаст претпоставувала есенција за добивање служба во локалниот естаблишмент[15]. Се чини, споменатата роднинска врска на трите севасти, сведоци на парничењето, индиректно го насетува истото. Преферирањето на семејно поврзување меѓу посочените личности од ист социјален слој (ѕет моѵ; своıачим моѵ) упатува повеќе на здружување на луѓе од ист социјален слој и задржување на општествениот статус, отколку на нивно поврзување поради функциите кои ги извршувале.

---

9 Извршувањето на оваа задача претпоставувало, меѓу другото, севастот да ги утврдува меѓите на манастирските пасишта, да го утврдува правото за користење на водните текови, запленување земјоделски производи доколку некој присвоел туѓи права и на тој начин ги стекнал добрата, а исто така севастот проверувал дали феудалните господари со право доселуваат зависни луѓе на своите имоти, сп. ИСН I, 539 (М.Благојевић).

10 ИСН I, 539 (М.Благојевић); ЛССВ s.v. севаст (Љ.Максимовић), 660-661.

11 За најновите сознанија околу самиот извор, сп. Ђ.Бубало, О називу и времену настанка Пописа, 177-193, а ние се користиме со изданијата на: Л.Славева, Полог, 283-299; Chilandar II, 483-489; А.Соловјев, Одабрани споменици, 129-132 (скратено и во превод).

12 Л.Славева, Полог, 289; Chilandar II, 486. А.Соловјев (Одабрани споменици, 129-130), меѓу наведените членови на судот го испушта посочениов севаст.

13 Л.Славева, Полог, 292; Chilandar II, 486; А.Соловјев, Одабрани споменици, 130.

14 За улогата на сведоците во судската постапка во средновековната српска држава, детално кај: Т.Тарановски, Историја српског права, 764-767; А.Соловјев, Законодавство, 517-519. За институцијата сведоци, сп. и И.П.Медведев, Очерки, 176-181.

15 Л.Славева, Полог, 292 бел. 28. Слично мислење, со констатирање на роднинската поврзаност на севастите во Полог искажал и А.М.Селищев, Полог, 96-97.

Второт чиновник е означен како прахтор (прахторь) и тој, всушност, бил локален собирач на данок. Титулата е несомнено византиска, која во нејзината оригинална форма била означувана како „πράκτωρ"[16]. Не постои причина да се посомневаме во тоа дека основната функција која ја извршувал византискиот практор била задржана и од српскиот прахтор. Во конкретниов случај тоа би значело дека на месниот прахтор му било забрането да врршува собирање даноци за локалната власт во атарот на селото Речица.

Третата спомената титула е кнез (кнезь), која има словенска провениенција, а засведочена е и во српската средновековна терминологија. Самата титула во крајот на тринаесеттиот и во четиринаесеттиот век е сосема деградирана[17]. Така, од некогашното означување на член на владетелската куќа (XII век)[18], преку, еден од помошниците на управникот на градот (кефалијата)[19], па сè до означувањето во Душановиот законик како управник на градот[20], како и селски старешина[21]. Во нашиот случај, онака како што е формулирано во Скопската грамота, не е возможно конкретно да се утврди дали посочената забрана за собирање давачки од страна на кнезот се однесува на него како помошник на управникот на некој од градовите-тврдини во близина на селото Речица или пак, како на селски старешина.

Функците на кнезот(вите) во Полог не можат да бидат уточнети ниту врз основа на подоцнежните изворни сведоштва во кои има спомен за кнез. Имено, од четириесеттите години на XIV век на територијата на Полог постојат уште две изворни сведоштва кои индиректно упатуваат на присуство на кнез во Обласла, сочувани во Пописот на манастирот

[16] Според истражувањата на Љ.Максимовиќ (Провинцијска управа, 130-131) терминот "πράκτωρ" бил постарата форма од веќе одомаќинетите во времето на Палеолозите во Византиското Царство изрази "ἐνεργῶν" или "διενεργῶν", како и помалку присутниот "ἔνοχος". За практорот види и кај В.Мошин, Л.Славева, К.Илиевска, Грамота на цар Константин Асен, Споменици I, 186 бел. 24.

[17] К.Јиречек, Историја Срба: II, 6; III, 20-21. Кнежевската титула и кнежевското достоинство во Немањиќката држава опстојно ги разгледува М.Благојевић, Државна управа, 49-55. За деградацијата на оваа титула на македонско тло, сп. А.Соловјев, Кончански практик, 96.

[18] ИСН I, 537 (М.Благојевић); М.Благојевић, Државна управа, 49-50, 52-53.

[19] М.Благојевиќ (ИСН I, 539-540) посочува дека компетенциите на кнезот се сведувале на најблизок помошник на кефалијата, претежно во цивилната, но и во воената сфера во градот и градското подрачје. Г.Шкриваниќ (Gradovi i utvrđenja, 115) смета дека кнезот бил управник на градскиот трг-пазариште. А.М.Селишчев (Полог, 97) само посочил дека кнезовите биле жупски чиновници.

[20] Законик цара Стефана Душана (Бистрички препис), 206-207 член 136.

[21] Исто, член 141.

Света Богородица Хтетовска. Така, во членот 59 и членот 60, всушност, станува збор за имот на кнез, поточно, кнежеви ниви. Во првиот случај (член 59): „Нива що приложи Стрѣзо оу Никифоров'ци... до кнежеве ниве"; а во вториот (член 60) „Нива що коуписмо оу Стрѣза ѡд Лѣшка поути низь хтѣтовьскы оу кнежевоу нивоу"[22]. Притоа, единствениот заклучок кој можеме да го изведеме врз основа на посочениве екскурси, без било какво двоумење, е дека во овој временски период во Долнополошкиот регион постоел кнез, кој на споменативе места имал свој имот, конкретно две ниви.

Последната спомената титула винар (винарь), исто како и претходно наведената, има словенско потекло. За основната функција на овој чиновник не е тешко да се досетиме. Имајќи предвид дека членот 32 од Скопската грамота и нему му забранувал влегување во атарот на селото Речица, од една страна, како и самото негово именување во групата со другите локални чиновници, од друга страна, сметаме дека и тој бил локален администратор, чија служба се состоела во собирање на данокот кој се земал од виното[23].

Претставници на локалната власт во жупата Полог се засведочени и во Хтетовската грамота, издадена од кралот Стефан Душан на манастирот Света Богородица во четириесеттите години на XIV век[24]. Во членот 30 се наведува дека владетелот му ја подарува на манастирот планината Нанов

---

[22] Л.Славева, Полог, 295. Chilandar II, 487.

[23] В.Мошин, Л.Славева и К.Илиевска (Грамота на цар Константин Асен, Споменици I, 201 бел. 109), анализирајќи ја грамотата на цар Константин Асен за Скопскиот манастир, каде исто така се сретнува „винарь", изнесуваат мислење дека станува збор за дворски службеник кој се грижел за царската визба со вино, а во време на патувања бил задолжен да набавува вино за владетелот и неговата придружба од околните села. Меѓутоа, аргументот кој го посочуваат овие автори како поткрепа на нивната претпоставка е неуверлив. Имено, нивниот став за тоа дека „винарот" е дворски службеник се темели единствено „бидејќи се споменувал заедно со другите царски службеници". Но, во претходната нивна белешка (стр. 201 бел. 108), која всушност е збирна и се однесува на чиновниците прахтор, кнез и кастрофилакс (патем, за нивните функции авторите упатуваат да се погледнат белешките 24-28, но всушност треба да се погледнат белешките 24-26 на страна 186), посочуваат дека „до ова место се набројуваат функционери на општо-државни локални власти", по што, почнувајќи со „винарь", по нивно мислење, започнувало набројувањето на дворските службеници. Но, и доколку се прифати дека сите наведени чиновници по „винарот" биле дворски службеници, нејасно е според кои критериуми авторите одредуваат дека тој е дворски, а не локален чиновник, бидејќи истиот, наведен точно меѓу припадниците на локалната и централната управа, сосема слободно може да се вброи меѓу претставниците на локалните власти, дотолку повеќе што самите автори во истата оваа фуснота (бел. 109) наведуваат мислења во историографијата токму во полза на ваквото гледиште.

[24] Постојат неколку изданија на оваа повелба, а ние ги користиме: Л.Славева, Полог, 306-322; С.Новаковић, Законски споменици, 657-661; Chilandar II, 461-468. Специјализирани дипломатички и сфрагистички анализи на повелбата направил Д.Кораћ, Повеља Стефана Душана, 141-163.

Дол, при што, под закана со казна, се забранува пристап на локалните власти (да не метеха никто отъ владоущихъ кралквьст҃ва ми), од кои за нас значајно е наведувањето на „ни травничарь“[25]. Травничарот, чие именување има несомнено словенско потекло, бил државен чиновник, чија функција е поврзана со данокот тревнина (Трѣвнина), а се состоел во собирање на приходите од ползуваните државни пасишта. Овој данок во средновековната српска држава се плаќал во натура и пари (во Византија данокот бил познат под името „ἐννόμιον“ и се плаќал само во пари) и тоа, од стадо два овна, две јагниња, сирење и динар[26].

Во Бревното на Хтетовскиот манастир постои известување за кефалија во Областа. Имено, во членот 56, откако се наведува дека локалниот феудалец Исаха од селото Седларево, при своето замонашување го приложил својот имот на манастирот, истиот бил потврден од „Владоє кефалиꙗ Полошки“[27].

Посочениов изворен извадок всушност дава можност за неколку сознанија поврзани со нашата проблематика.

Најпрво, поаѓајќи од изворното сведоштво, несомнен е фактот дека во овој временски период во Полог постоел кефалија чие име било Владое. За жал, ова воедно претставува и единственото споменување на посочениов Владое во изворите, поради што не сме во можност да утврдиме од кога тој се наоѓал на оваа функција, ниту пак до кога останал на истата.

Потоа, самата одредница „Полошки“, која ја имал кефалијата Владое, упатува на тоа дека тој имал ингеренции во целата полошка област.

Согласно функцијата кефалија, изворното сведоштво за постоење кефалија во Полог го отвора и прашањето за неговото седиште. Секако, истото било во најзначајната градска населба во Полог во посочениов временски период која, воедно, претставувала административен центар на целата Област. Меѓутоа, заради сегашната состојба со изворен материјал, и покрај неколкуте обиди во историографијата, не е возможно со сигурност поблиску да се одреди полошкиот административен центар[28].

---

25 Л.Славева, Полог, 318-319; С.Новаковић, Законски споменици, 660; Chilandar II, 466.

26 Сп.: В.Мошин, Л.Славева, К.Илиевска, Грамота на цар Константин Асен, Споменици I, 202 бел. 118; ЛССВ s.v. травнина (М.Благојевић), 736-737. Види и: Д.Ангелов, Аграрните отношения, 220; Л.Славева, Полог, 319 бел. 44.

27 Л.Славева, Полог, 294-295; Chilandar II, 487.

28 Во историската наука ова прашање не е доволно разработено, односно, само попатно му е посветено внимание. Според Р.М.Грујиќ (Полошко-Тетовска епархија, 39), административен центар на Областа во овој временски период бил градот Градец во Горен Полог. Имено, Р.М.Грујиќ, расправајќи за седиштето на кефалијата Владое, доаѓа до

Ингеренциите на кефалијата Владое во Полог ги одредуваме по аналогија со надлежностите на кефалиите во средновековна Србија. Самата титула кефалија (κεφαλή) е византиска[29], но по српското освојување на византиска Македонија била прифатена и задржана од српската држава[30]. Генерално, кефалиите биле владетелски претставници кои ги воделе сите цивилни и воени работи во доверените градови и подрачја, спроведувајќи ги на тој начин во дело сите владетелски одлуки[31].

За дел од ингеренциите на полошкиот кефалија Владое наоѓаме потврда во текстот на горе понудениот изворен екскурс во членот 56 од Бревното. Таму, имено, се наведува дека сè она што било сопственост на Исаха, по неговото замонашување, со заповед на кралот и потврда од полошкиот кефалија Владое, се подарувало на Хтетовскиот манастир („Повелѣницмь и милостию господина кралга иꙃдаде Владоѥ кефалига Полошки... все щѡ ѥсть ималь Исаха“)[32]. Тоа означува дека полошкиот кефалија, согласно неговите надлежности, бил единствениот во Областа кој можел целокупниот имот подарен од Исаха да му го потврди на Хтетовскиот манастир. Ваквото потврдување во српската средновековна правна терминологија се нарекувало „издава“ (иꙃдадє), при што, самиот чин бил извршуван од локалните државни органи, во случајов кефалијата Владое, по претходен налог од владетелот[33]. Од понудениот изворен извадок согледуваме дека кефалијата Владое е претставен како заштитник на последната волја на замонашениот Исаха, поточно како извршител на неговиот тестамент. На тој начин, во нашиот случај изворно е потврдена една од бројните надлежности кои ги имале кефалиите во српската

---

констатација дека Владое, како полошки кефалија, односно, управник на целата област, резиденционирал во градот Градец (меѓу денешните села Градец, Пирок и Калиште), бидејќи бил најблиско средиште на целата област. Л.Славева (Полог, 128) посочува дека целиот Полог како жупа бил даден на „држава“ на високо доверлива личност, а во рамките на тоа ја зачувал наследената од Византија вистинска административна поделеност на традиционалните “области“ Горен и Долен Полог, кои за свои центри ги имале градовите Градец (меѓу селата Пирок и Градец) и Лешок.

29 За кефалиите како претставници на византиската провинциска управа, опширно кај Љ.Максимовић, Провинцијска управа, 71-100.

30 За кефалиите во српската држава расправа М.Благојевиќ (во ИСН I, 537-539; Државна управа, 246-285; ЛССВ s.v. кефалија, 292-295), кој во голем дел од своите истражувања се повикува на Љ.Максимовиќ (Провинцијска управа, 71-100). Кефалијата Владое, како личност која стоела на чело на управата во Полог, ја регистрира и А.М.Селищев, Полог, 97.

31 Т.Тарановски, Историја српског права, 269; Љ.Максимовић, Провинцијска управа, 88-95; ИСН I, 538 (М.Благојевић); М.Благојевић, Државна управа, 247, 281-284.

32 Л.Славева, Полог, 294-295; Chilandar II, 487.

33 Т.Тарановски, Историја српског права, 645-646. Сп. и: Л.Славева, Полог, 295 бел. 36; ЛССВ, s.v. Издава (С.Ћирковић) и таму посочената литература.

средновековна држава, олицетворена во грижата за завештанијата и извршување на тестаментите на лицата кои се замонашувале.

Значењето на изворните вести од екскурсот е уште пошироко. Истите несомнено ги потврдуваат надлежностите на кефалијата Владое во селото Седларево и воедно, посочувајќи дека Владоевите ингеренции се протегале во Долнополошкиот регион, индиректно го потврдуваат полошкиот кефалија како прв администратор во целата полошка област.

Но дали тоа подразбирало негова контрола и врз баштинските црковни имоти? Во поновите трудови ова прашање е засегнато од српскиот истражувач М.Благојевиќ[34]. Тој, расправајќи за кефалиите во Душановата држава пред прогласувањето на царството, најнапред истакнува дека за надлежностите на кефалиите од четириесеттите години на XIV век се знае малку. Потоа, потпирајќи се на изворите, авторот посочува дека црковните поседи биле изземени од нивните надлежности[35], по што наведува дека вистински исклучок притоа претставува кефалијата Владое. Имено, според неговите анализи на податоците од Бревното, Владое, како полошки кефалија својата служба ја вршел во Полог, па секако и во Хтетово, каде што се наоѓала црквата посветена на Пресвета Богородица.

Сосема сме согласни со констатацијата на реномираниот српски научник за изземање на црковните поседи од надлежностите на кефалиите. Но, се поставува прашањето дали вториот дел од заклучокот на споменатиот автор, кој се однесува на исклучокот од ова правило на кефалијата Владое, а е на ниво на авторска претпоставка, може да се прифати[36]! За да го утврдиме тоа ќе биде потребно повторно генерално да се осврнеме на надлежностите на кефалиите. Како што посочивме, нивните ингеренции како локални претставници на централната власт практично се запирале во сферата на локалното управување со државните работи. Таква државна работа на локално ниво секако била и гаранцијата за извршување на тестаментите на поданиците на српската држава. Во нашиот случај во својство на државен гарант во Полог се јавува кефалијата Владое, кој, всушност, само го гарантирал спроведувањето на волјата на Исаха, односно, ја потврдил промената на сопственикот на имотот во Седларево, кој сега минувал во црковни раце. Дотука се простирале и тука се запирале, односно,

[34] М.Благојевић, Државна управа, 252-253.

[35] Исто, 252 и бел. 29.

[36] Според податоците од Хтетовската грамота, селото Хтетово во два нејзини члена (2 и 17) е регистрирано како посед на Хтетовскиот манастир, сп.: Л.Славева, Полог, 311, 315; С.Новаковић, Законски споменици, 657, 659; Chilandar II, 464, 465.

престанувале ингеренциите на кефалијата Владое. Токму тоа, се чини, не го зел предвид М.Благојевиќ, кој и покрај тоа што го посочил полошкиот кефалија како извршител на тестаментот на благородникот Исаха, донесува заклучок дека надлежностите на кефалијата Владое претставуваат исклучок од утврденото правило за изземање на црковните поседи од ингеренциите на кефалиите.

Во врска со полошкиот кефалија Владое би се задржале уште на прашањето за неговиот ранг, согласно сознанијата во науката за постоење т.н. „локални" и „општи" кефалии. За да се даде одговор на истото, потребно е најпрво да се предочат основните елементи кои во историографијата се земаат за репери при одредување на рангот на кефалиите. Така, како одредница за т.н. „општи" кефалии во Византиската Империја се земаат нивните управни надлежности врз поголеми територии или историски области и географски целини, а т.н. „локални" кефалии управувале со еден или два града и точно омеѓено градско подрачје[37]. Вакивот принцип на поделба бил задржан и во српската држава по освојувањето на византиска Македонија[38].

Погледнат низ оваа призма, се чини, може со голема доза на прецизност да се одреди рангот на полошкиот кефалија Владое. Тој не може да биде вбројан меѓу т.н. „локални" кефалии. Имено, неговотоословување не било конкретно поврзано за ниту еден град во Полог[39], ниту пак, со некое градско подрачје во Областа[40]. Есенцијалната детерминанта за Владоевиот територијален делокруг е содржена во фразата „кефалија полошки". Врз

[37] Љ.Максимовић, Провинцијска управа, 78-88.

[38] М.Благојевић. Државна управа, 281.

[39] Истакнуваме дека посочувањето на извесна личност за кефалија на одреден град не значи a priori негово вбројување во т.н. „локални" кефалии, бидејќи споменатиот град можел да го означува и седиштето на „општиот" кефалија. Така со утврдување на надлежностите на скопскиот кефалија индиректно споменат во грамотата за ќелијата Св. Петка во село Тморане како „кефалига градьскыи" (Л.Славева, Грамота на Милутин за ќелијата Св. Петка, Споменици I, 259; С.Новаковић, Законски споменици, 392; Chilandar II, 401), се доаѓа до заклучок дека скопскиот кефалија имал ранг на т.н. „општ" кефалија. Неговите ингеренции се простирале на целата Скопска област, при што, потчинети му биле кефалиите кои стоеле на чело на тамошните тврдини, од кои изворен спомен имаме за субординираноста на Кожленскиот кефалија (С.Новаковић, Законски споменици, 704 член XVII; Л.Славева, Полог, 422. Сп. и М.Благојевић, Државна управа, 249).

[40] Според резултатите до кои дошол М.Благојевиќ (Државна управа, 261) при истражувањето на територијалниот опсег на Призренската жупа, заклучил дека надлежностите на еден т.н. „локален" кефалија приближно се протегале на територија со должина од околу 25 км. и нешто помала ширина, при што посочува дека освен на Призренскиот, во слични територијални рамки се простирале и ингеренциите на кефалиите на Славиште и Злетово.

основа на оваа одредница, како што посочивме погоре во текстот, кефалијата Владое, всушност, претставувал административен првенец на целиот Полог, што пак, од своја страна подразбирало дека по ранг бил над останатите управници на утврдените места во Областа, наоѓајќи се едно скалило погоре од нив во чиновничката хиерархија. Оттука, кефалијата Владое несомнено имал ранг на т.н. „општ" кефалија, под чија субординација се наоѓале „локалните" кефалии поставени во полошките утврдувања[41].

Бревното на Хтетовскиот манастир содржи информации за уште еден претставник на локалната администрација во Полог. Имено, во членот 77, станувајќи збор за разрешница на земјишен спор меѓу световни лица и црквата, како еден од четирите сведоци на парницата е посочен челникот Андроник (чєлникь Ѧндроникь)[42].

Самата титула челник (чєлникь) има словенско потекло, а во средновековна Србија се користела повеќеструко[43]. За време владеењето на Стефан Душан една од основните функции на челниците била како заповедници на утврдувањата да се грижат за безбедноста на истите. За успешно спроведување на оваа задача тие истовремено се наоѓале на чело на одреден број војници. Тоа пак, од своја страна, им овозможувало да се појавуваат во улога на извршители и на работи кои не се поврзани со воеНото заповедништво[44].

Но, дали нашиот челник може да се приопшти кон челниците военоначалници на утврдени места! Се чини, челникот Андроник влегува во една друга катрегорија челници чии надлежности се насетуваат во Душановиот Законик. Членот 141 од Законикот посочува челници, кои,

---

41 М.Благојевиќ (Државна управа, 252), е еден од ретките, а досега последен кој го засегнал ова прашање. Согласни сме со неговата претпоставка дека кефалијата Владое имал ранг на т.н. „општ" кефалија, но не и со аргументите врз основа на кои го темели својот став. Тој, имено, заклучува дека аналогно на постоењето на Горен и Долен Полог, во времето кога се споменува кефалијата Владое постоеле две жупи во Областа, врз основа на што би можело да се претпостави дека Владое имал ранг на „општ" кефалија (Државна управа, 252 бел. 31). Тој став се коси со поновите достигнувања на науката каде се констатира дека Полог од крајот на XIII и текот на првата половина на XIV век преставувал единствена административна единица, изворно именувана како полошка жупа.

42 Л.Славева, Полог, 297; Chilandar II, 488; А.Соловјев, Одабрани споменици, 131. Челникот Андроник како сведок во посочениов спор го регистрирале и: А.М.Селищев, Полог, 97; М.Благојевић, Државна управа, 212.

43 За надлежностите на челниците во српската средновековна држава, опширно кај М.Благојевић, Државна управа, 208-245 и ЛССВ s.v. челник, 812-814. Сп и: ИСН: I, 536-537 (М.Благојевић); II, 120 (М.Благојевић).

44 Сп. М.Благојевић, Државна управа, 213, кој посочува дека челниците учествувале и во теренско утврдување („тесање") на меѓите на манастирските земјопоседи.

заедно со кнезови, примиќури, управители и предстојници, биле селски и катунски старешини[45]. Кнезовите и примиќурите, притоа, биле катунски, а управителите, предстојниците и челниците биле селски старешини, при што, управителите биле најниски по ранг и управувале со едно село, по кои следувале предстојници, а меѓу нив највисоки по ранг биле челниците кои управувале со поголем број селски населби[46].

Челникот Андроник, најверојатно, влегувал во оваа катрегорија челници чии надлежности се простирале врз неколку селски населби. Во прилог на ваквиот наш став е и „неугледното друштво“ сведоци во кое е вбројан челникот Андроник. Меѓу нив, двајца очигледно не се припадници на благородничкиот сталеж (**Михо Мазнѣи, Рад Бѣлогоучйникь**), бидејќи пред нивните имиња ја нема одредницата кир, а третонаведениот сведок по занимање бил ковач (**Станць ковачь**).

Поаѓајќи од текстот на самиот член 77 од Бревното, корелиран со неколку други тамошни членови, се чини, возможно е територијално да се посочат реоните каде се простирала надлежноста на челникот Андроник. Имено, во член 77 се наведува дека предмет на спор биле имотите кои локалниот земјопоседник Стрезо ги продал и подарил на црквата. Во четири претходни членови од Бревното (19, 59, 60, 66) има спомен за Стрезови имоти, од чиј текст произлегува дека тие се наоѓале во близина на лешкиот и хтетовскиот пат, како и во месноста Никифоровци[47]. Посочувањето на челникот Андроник како сведок во спорот со Стрезовите имоти би можело да означува дека тој бил надлежен токму во овој Долнополошки реон. Токму како тамошен селски старешина челникот Андроник, најверојатно бил инволвиран во правната завршница на недоразбирањето меѓу црквата и Стрезовите наследници.

---

[45] Законик цара Стефана Душана (Бистрички препис), 206-207.

[46] М.Благојевић, Државна управа, 215-216.

[47] „...**до Стрѣзова полга и до лѣшка поуты**“ (чл. 19); „**Нива що приложи Стрѣзо оу Никифоровци**“ (чл. 59); „**Нива що коуписмо оу Стрѣза ѡд лѣшка поуты низѣ поуть хтѣтовьскы**“ (чл. 60); „...**нивоу... под лѣшкимь поутемь... до Стрѣзове земле**“ (чл. 66), сп.: Л.Славева, Полог, 286, 295, 297; Chilandar II, 484, 487, 488; А.Соловјев, Одабрани споменици, 131 (известие само за член 66).
Нивата во Поликратица, која Куман Стрезов, како своја прикија ја подарил на црквата („**Нива оу Поликратице що даде Коумань Стрѣзовь прикию свою црькви за доушоу**“, член 80, сп.: Л.Славева, Полог, 298; Chilandar II, 489; А.Соловјев, Одабрани споменици, 131), не ја лоцираме во близина на имотите на Стрезо, бидејќи таа нива била мираз на Куман Стрезов и поради тоа воопшто не морала да биде на иста или блиска локација со Стрезовиот имот.

## РЕФЕРЕНЦИ

I.ИЗВОРИ:

**Законик цара Стефана Душана (Бистрички препис)**----------Законик цара Стефана Душана. САНУ Одељење друштвених наука. Извори српског права IV. Књига II. Студенички, Хиландарски, Ходошки и Бистрички рукопис, Београд 1981.

**В.Мошин, Л.Славева, К.Илиевска, Грамота на крал Милутин, Споменици I**----------Грамота на крал Милутин, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В.-Славева Л.-Илиевска К., Споменици, Том I, Скопје 1975.

**С.Новаковић, Законски споменици**----------Новаковић С., Законски споменици српских држава средњега века, Београд 1912.

**Л.Славева, Грамота на Милутин за келијата Св.Петка, Споменици I**----------Грамота на крал Милутин за ќелијата Св.Петка во с.Тморани: Л.Славева, Споменици I, Скопје 1975.

**Славева, К.Илиевска, Грамота на цар Константин Асен, Споменици I**----------Грамота на цар Константин Асен, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В.-Славева Л.-Илиевска К., Споменици, Том I, Скопје 1975.

**А.Соловјев, Одабрани споменици**----------Соловјев А., Одабрани споменици српског права од XII до краја XV века, Београд 1926.

**Chilandar II**----------Actes de Chilandar. Deuxieme partie. Actes Slaves. Publiés par B. Korablev, Петроградъ 1915.

II. ЛИТЕРАТУРА:

**Д.Ангелов, Аграрните отношения**----------Ангелов Д., Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век, София 1958.

**М.Благојевић, Државна управа**----------Благојевић М., Државна управа у српским средњовековним земљама, Београд 2001.

**Ђ.Бубало, О називу и времену настанка Пописа**----------Бубало Ђ., О називу и времену настанка Пописа имања Хтетовског манастира, Стари српски архив 1, Лакташи 2002.

**Р.М.Грујић, Полошко-Тетовска епархија**----------Грујић Р.М., Полошко-Тетовска епархија и манстир Лешак, ГСНД Књ. XII, Скопље 1933.

**ИСН I**----------Историја српског народа, Прва књига (Од најстаријих времена до Маричке битке 1371г.), Београд 1981.

**К.Јиречек, Историја Срба II-III**----------Јиречек К., Историја Срба. Друга свеска (до 1537); Трећа свеска (културна историја: I део), Београд 1923.

**Д.Кораћ, Повеља Стефана Душана**----------Кораћ Д., Повеља краља Стефана Душана манастиру Свете Богородице у Тетову. Прилог српској дипломатици и сфрагистици, ЗРВИ XXIII, Београд 1984.

**ЛССВ**----------Лексикон српског средњег века, приредили С.Ћирковић и Р.Михаљчић, Београд 1999.

**Љ.Максимовић, Провинцијска управа**..........Максимовић Љ., Византијска провинцијска управа у доба Палеолога, Београд 1972.

**И.П.Медведев, Очерки**----------Медведев И.П., Очерки Византийской дипломатики (частнопривовой акт), Ленинград 1988.

**В.Мошин, Грамотите на Св. Георги-Горг**----------Мошин В., Грамотите на манастирот Св. Георги-Горг Скопски: Уводна студија: В.Мошин, Споменици I, Скопје 1975.

**Б.Петровски, „жоүпа Положька"**----------Петровски Б., „жоүпа Положька", ГЗФФ (60), Скопје 2007.

**А.М.Селищев, Полог**----------Селищев А.М., Полог и его болгарское население. Исторические, этнографические и диалектологические очерки северо-западнои Македонии (с этнографическою картою Полога), София 1929.

**Л.Славева, Полог**----------Славева Л., Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век, Споменици III, Скопје 1980.

**А.Соловјев, Законодавство**----------Соловјев А., Историја словенских права. Законодавство Стефана Душана цара Срба и Грка. Класици југословенског права, Београд 1998.

**Соловјев А., Кончански практик**----------А.Соловјев, Кончански практик, ЗРВИ књ. 3, Београд 1955.

**Т.Тарановски, Историја српског права**----------Тарановски Т., Историја српског права у Немањићкој држави. Класици Југословенског права, 12. Београд 1996.

**Т.Томоски, Средновековни градови, Македонија**----------Томоски Т., Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар, Брегалница и Лакавица, Македонија низ вековите, Скопје 1999.

Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија: Том I; III, Скопје 1975, 1980.

**G. Škrivanić, Gradovi i utvrđenja**----------Škrivanić G., Gradovi i utvrđenja u srednjovekovnoj Srbiji, Bosni i Dubrovniku, Vojnoistorijski glasnik XX/2, Beograd 1969.

Boban PETROVSKI

# MEDIEVAL ZHOUPA POLOG LOCAL AUTHORITIES: REPRESENTATIVES AND THEIR COMPETENCES


## Summary

From the end of the XIIIth Century and in the first half of the XIVth Century, in the framework of Polog`s zhoupa (**жоѵпа Положька**)-at that time under Serbian rule, available sources notes down seven local officials with their competences: **севасти** (sevasts)-a.) probate court member, b.) court withnesses; **прахторь** (prahtor)-tax-collector; **кнезь** (knez)-deputy kephale or village head administrator; **винарь** (vinar)-vine tax-collector; **травничарь** (travnichar)-grass land tax-collector; **кефалиіа** (kephale)-“general“ kephale, head of the administrative authority in the zhoupa Polog; **челникь** (tzelnik)-few villages head administrator.